# Nautical Club Ohrid

Reviving a Forgotten Modern Heritage

TERRAVIVA

# Nautical Club Ohrid

**MUNICIPALITY OF OHRID**,
Institutional Promoter

**FACULTY OF ARCHITECTURE SKOPJE, "SS. CYRIL AND METHODIUS" UNIVERSITY IN SKOPJE**,
Institutional Promoter

**Design topic by Eva Zović & Anastasija Risteska**,
Winners of the Call for Competitions 2023

## I. О Чем


03 Вовед
05 Даљан
07 Борис Чипан
09 Одморалиште на Феријалниот сојуз


## II. Проект


11 Оживување на модерната
13 Конкурсот
15 Проектот
17 Проектни Барања


## III. Конкурс


19 Критериуми за евалуација
21 Начин на поднесување
21 Распоред
23 Награди & Признанија


## IV. Насоки


23 Пријавување & Предавање
25 Жири Комисија
28 Промотери & Партнери
30 Услови & Правила

# Вовед

**Во јужните рабови на Балканскиот Полуостров, на прекрасната почва на Македонија, се наоѓа магичен град по име Охрид, чија историја се протега повеќе од четири илјади години.**

Ситуиран на рид со поглед кон едно од најстарите и најдлабоките езера во Европа, Охрид е главен урбан центар на регионот уште од IV век п.н.е. **Градот ја дели титулата Светско Наследство на Унеско (1979) со своето езеро, потврдувајќи сѐ секоја година како главна туристичка дестинација во земјата.**

За време на Римската империја, кога градот бил познат по името Лихнидос, Охрид бил стратешки поставена и клучна населба долж патниот правец Виа Игнација, кој ја поврзувал Византија со јадранското пристанаиште Дирахион, денешен Драч.

**Низ вековите, градот растел слој по слој, прикажувајќи ни ја денес неговата богата и сложена археолошка историја.** Проследувајќи ги раниот христијански и потоа византиски период, градот се издигнува како значаен верски и политички центар.

**Во периодот на 20 век, за време на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Охрид доживува декади на масовна експанзија.** Бројната реализација на модернистички градби додав нов слој во архитектонското наследство на градот.

Овие иновативни конструкции, продукти на иницијативата на Југословенскиот феријален сојуз, биле наменети да промовираат внатрешна социјализација помеѓу државите и да овозможат сместување по прифатлива цена.

**Државата ги препознава одморите не само како уставно право, туку и како неопходност за најмладите генерации. Како резултат на тоа, изградени се голем број на младински одморалишта низ целата земја.** Како резултат на тоа, изградени се голем број на младински одморалишта низ целата земја.

Денес Охрид е надалеку познат како бисерот на Македонија, со сите негови историски епохи наслоени едни врз други. **Многубројните сведоштва на словенското модерно движење, иако понекогаш се отфрлаат и не се секогаш перципирани за нивната вистинска вредност, претставуваат драгоцен дел од неговото наследство.**



"SAINT JOHN"
Ohrid, 2024
© AdobeStock

# Nautical Club Ohrid



“THE HILL”
Ohrid, 2024
© AdobeStock



“LAKEFRONT”
Ohrid, 2024
© AdobeStock

# Даљан

Проширувањето на западниот дел на Охрид започнало во втората половина на 20 век. **Даљан, мирна и спокојна населба со поглед на брегот од езерото, е оформена во периодот на 70-тите години од 20 век со станбените блокови и куќите во низа кои го оформуваат кохезивното и шармантно засолниште покрај водата.**

Сите куќи се составени од три катови, со речиси идентични фасадни фронтови. Висините на венците и формалниот израз на објектите се униформни, создавајќи кохерентен визуелен изглед. Она што го гледаме во Даљан, во помал обем, наликува на ортогонална шема типична за модерното урбанистичко планирање од 20 век (во јасен контраст на органскиот развој на античкиот град сместен на источната страна на ридот).

**Денес, Даљан е резиденцијален кварт главно составен од викенд куќи, преполни во текот на летото, а помалку користени во останатите периоди од годината.** Оваа населба, со својот тивок шарм, е совршена локација за создавање летни спомени.

Неговото урбано ткиво е поврзано со стариот град и со центарот на градот благодарение на лесна 20-минутна прошетка. Најдолгата рута, која е живописно пешачко шеталиште над ридот, овозможува прекрасен непрекинат поглед на езерото, идеален за лежерни прошетки и младешко истражување.

**Сепак, главните локалитети со историско наследство, заедно со неодамнешните развојни трендови, имаат тенденции да привлечат поголем дел од туристите на источната страна на брегот.** Како резултат на тоа, западната област на градот останува на некој начин останата во времето, не можејќи да биде во чекор со поразвиените области.

# Nautical Club Ohrid



"DALJAN"
Ohrid, 2024
© AdobeStock

# Борис Чипан

**Борис Чипан, роден во Охрид во 1918 година, е водечка фигура во македонската архитектура од 20 век, надалеку познат по неговиот придонес како конзерватор, архитект и професор.**

Неговата длабока поврзаност со својот роден град значително влијае на неговата кариера, зајакнувајќи ја од ден во ден неговата страст за локалното наследство.

Растејќи меѓу богатото историско наследство на Охрид, љубовта на Чипан кон неговиот град е очигледна во неговата посветеност на конзервацијата. **Всушност, тој посветува значаен дел од својата кариера на зачувување на архитектонските богатства во рамки на неговиот сакан регион.**

Неговото најзначајно достигнување неспорно е конзервацијата на црквата Св. Софија, изградена во 9 век во византиски стил, што е доказ за неговата почит кон минатото на Охрид.

**Покрај неговото одушевување од македонското наследство, јазикот на Чипан е изразито модернистички.** Неговата кариера покажува јасна дихотомија: Чипан конзерваторот и Чипан архитектот, две улоги кои никогаш не се спојуваат.

Во неговите текстови, тој ја нагласува важноста на враќањето на архитектонските принципи за да се премости старото со новото, пофалувајќи ги оние проектанти кои се способни да „покажат висок квалитет на своето време“, често поефективно од традиционалните конзерватори.

**Чипан верувал дека рехабилитацијата и реискористувањето на објектите за современи функции гарантираат дополнителни непроценливи квалитети, како интимност, доплина и радост, збогатени со силни историски асоцијации.**

Неговото наследство, и во зачувувањето, и во модернистичкиот пристап, ја истакнува неговата посветеност за подобрување на историскиот престиж на Охрид, притоа, прифаќајќи ја современата перспектива.



“THE AUTHOR”
Boris Chipan, 2024
© AdobeStock

# Nautical Club Ohrid



“THE BUILDING”
Ohrid, 2024
© AdobeStock



“FACADE”
Ohrid, 2023
© Eva Zović

# Одморалиште На Феријалниот Сојуз

**Едно од најценетите наследства на Борис Чипан е несомнено зградата на Одморалиштето на Феријалниот сојуз, лоцирана на брегот во населбата Даљан.** Објектот бил изграден во 1955 година и е еден од неговите најрани модернистички творештва и првиот туристички објект во регионот кој работеше сѐ до неговото затварање во 2000 година.

**Оваа мала коцка, налик на Савоја, прикажува исклучително чист модернистички израз, кој се карактеризира со неговата пластичност и изборот на материјали со суптилни локални влијанија.**

Некогаш позната како рај за летните одмори за децата, објектот сега стои како напуштена руина. **Сместена покрај брегот на езерото и делумно оградена со дрвја и грмушки, локацијата нуди поглед кој го одзема здивот: на југ кон езерото и на исток кон ридот.**

Централно поставен во рамки на локацијата, волуменот се потпира на носечки камени ѕидови. Чипан го поставил објектот на тој начин со цел да се издигне структурата над плажата при што се создава хармоничен однос помеѓу објектот и неверојатниот пејзаж кој го опкружува.

Изборот на текстури и бои овозможува долниот дел од оваа уникатна архитектура беспрекорно да се вклопи во нејзината околина. **Приземјето, првенствено дефинирано со отворена, но покриена трпезарија, воспоставува визуелна врска помеѓу плажата и програмата на одморалиштето.**

Во една поширока перспектива, хоризонталната "бесконечност“ на езерото и малата висина создаваат изразен хоризонтален тек.

# Nautical Club Ohrid



"VIEW"
Ohrid, 2023
© Eva Zović

# Оживување На Модерната

**Денес, Македонија е сведок на сè поголемо внимание кон ревитализацијата на нејзиното наследство од 20 век, вклучувајќи ги и оние гради од модернистичкото движење кои преживеале до овој момент.** Оваа промена го препознава архитектонското и културно значење на овие уникатни структури, одразувајќи се во општинската политика на градот Охрид, давајќи приоритет на историското зачувување и одржливиот урбан развој.

**Бесконечниот опсег на изграденото наследство бара различни пристапи и техники на конзервација.** Сепак, секој проект мора да се придржува до етичките и архитектонските стандарди, со цел автентично да се зачува минатото и да се дадат нови вредности на реновираните објекти.

Адаптивната реупотреба на модерните објекти се усогласува со тековните трансформации на градот, поддржувајќи кохерентен и одржлив урбан раст. **Флексибилноста на распоредот на голем број модернистички гради ги прави идеални предмети за приспособување кон новите потреби и современите програми.**

Одморалиштето на Феријалниот сојуз, моментално неискористено и напуштено, сè уште уште содржи голем потенцијал да се врати во употреба и да даде нов неверојатен простор за заедницата со поглед кон кристално чистите води на езерото.

**Покрај неговата архитектонска вредност која е несомнено значајна, неговата емоционална вредност за локалното население е уште позначајна: објектот е неразделен дел од колективната меморија на Охриѓани.**



"RUIN"
Ohrid, 2023
© Eva Zović

# Nautical Club Ohrid



“OPEN SPACE”
Ohrid, 2023
© Eva Zović



"WATERFRONT"
Ohrid, 2023
© Eva Zović

# Конкурсот

Рефлектирајќи на стратешката улога која објектот ја одиграл за градот во втората половина на 20 век, како на локално така и на национално ниво, се поставува прашањето како истиот да се санира со цел да се врати неговата важност.

**Дополнително, ретко и валидно сведоштво за еден ваков интересен архитектонски стил е само по себе доволна причина да се мотивира неговата конзервација.**

Целта е дека овој конкурс ќе го претставува првиот чекор кон патот на долгоочекуваното враќање на ова модернистичко чудо на граѓаните на Охрид.

Учесниците се поканети да поднесат иновативни проекти за адаптивна реупотреба фокусирани на објектот на Одморалиштето на Феријалниот сојуз, работејќи на рехабилитацијата на ова запуштено наследство оставено неискористено повеќе од дваесет години.

**Земајќи инспирација од автентичната програма на Борис Чипан, конкурсот бара проектирање на Наутички и социјален клуб отворен и за локалната заедница и за сезонските туристи.** Идејата е да се замисли динамичен социјален простор кој ќе привлече граѓани и посетители на западната страна од езерското крајбрежје, обезбедувајќи привлечна алтернатива на попримамливиот источен Охрид.

**Главниот предизвик ќе биде да се замисли како овој објект, постар од 70 години би можел да служи на потребите на еден современ езерски клуб.** Кога се пристапува кон ваков објект, дизајниран од познат архитект чија практика успешно го премостува старото и новото треба исклучително да се внимава.

**Од проектантите ќе биде побарано да посветат особено внимание на перспективата на корисниците.** Клуч за постигнување на успех во проектот ќе претставува внимателното разгледување на целната група: профили, возраст и интереси на луѓето кои треба да ги привлече интервенцијата.

**Концептот може да биде насочен за разновидна публика: од љубители на водни спортови и експерти за едрење до најобичните туристи кои сакаат само да се сончаат на плажа, од најмалите деца на одмор со своите родители до локалните жители во потрага по релаксација и забава и многу други.**

Размислете за тоа како вашиот предлог може позитивно да влијае на обновувањето на целото соседство, замислувајќи го како нов проект за урбана регенерација способен да ги надмине границите на проектната област.

# Nautical Club Ohrid



"TODAY"
Ohrid, 2023
© Eva Zović

# Проектот

Пристапот познат како "адаптивна реупотреба" се распространува на глобално ниво не само како премиса за промовирање на поодржлива архитектура преку рециклирање на постоечки објекти и напуштени парцели, туку и како начин за зачувување на уникатниот карактер и наследство на едно место, притоа придонесувајќи на севкупниот идентитет на една заедница.

**Зачувувањето на овој модернистичко, скриено и скапоцено наследство ќе бара посебно внимание кон деталите и посебна чувствителност за да се одреди кои елементи да се зачувуваат, а кои не.** Кои стратешки одлуки би ги донеле за да ја постигнете трансформацијата на Одморалиштето на Феријалниот сојуз во совршен наутички и социјален клуб?

**Проектантите ќе можат слободно да го одредат степенот на влијание на целата интервенција. Предлозите може да вклучуваат не само ентериери, туку и фасади, покриви и меѓупростори. Исто така, ќе биде можно да се предвидат нови волумени, ѕидни перфорации, нови отвори и додатоци каде ќе се смета дека се потребни.** Секоја одлука мора да биде оправдана во целокупниот концепт на проектот. Подеднакво ќе бидат ценети и најрадикалните и најконзервативните предлози.

**Проектот ќе треба да се фокусира на обновувањето на објектот на Чипан, но и на прекрасната зелена површина насочена кон езерото.** Со оглед на туристичко-летната вокација на местото, пејзажот на надворешните простори ќе биде оценет со големо внимание од страна на жири комисијата.

Секундарните структури без значајна вредност во рамките на границите на локацијата не треба да се земаат во предвид како дел од конзерваторскиот проект: слободно можат да се отстранат или да се санираат во однос на целокупниот концепт.

**Проектирање на нови волумени и структури во мал размер, исто така, ќе биде дозволено таму каде што се смета дека е неопходно за да се овозможи најдобар начин на функционирање на новата програма** (внимавајте нивното вклучување да биде хармонично и чувствително кон контекстот!).

Во однос на програмата и намените, од фундаментално значење за успехот на проектот е рамнотежата помеѓу рекреативните и спортските активности.

**Друг аспект кој секако треба да се земе во предвид е односот помеѓу зградата и брегот, во визуелна и просторна смисла.** Панорамскиот поглед кон езерото кое е УНЕСКО наследство секако треба да се подобри!

Крајно, треба да се размисли на темата за пристапност, со цел да се најде најдобар можен начин да се пречекаат посетителите кои пристигнуваат пешки од прегот на езерото и оние кои пристигнуваат со автомобил, велосипед или јавен превоз од источната страна на градот.

**Главниот објект е јасно дека е главната тема на конкурсот, но не и единствената, затоа треба да се третира со почит, но не и стравопочит;** експериментирајте без страв и не ставајте ограничувања на вашата креативност!



# Nautical Club **Ohrid**



"NORRVIKENS SPORTS CENTER"
Sollentuna, 2023
© APPELL Arkitektkontor



"KAYAK CLUB"
Caen, 2017
© Inessa Hansch

# Проектни Барања

**Координати:**

- 41° 7'13.65"N, 20°46'54.04"E

**Предложена Програма:**

- Рецепција;
- Бар и/или Ресторан;
- Теретана;
- Конференциска Сала;
- Внатрешни и надворешни простори за социјализација;
- Просторија за шкафчиња и тоалети;
- Надворешен базен;
- Спортска програма;
- Бродско складилиште;
- Пловечки пристаништа и платформи;
- Детска програма и/или игралиште;
- Сцена за настани;
- Надворешен мебел и осветлување;
- Било која функција која се смета дека е потребна;

**Ограничувања и Дозволи:**

- Не е дозволено уривање на зградата на одмаралиштето или на составен дел од неа;
- Секундарните структури без историска значајност, на кои е видлива длабока состојба на распаѓање, ќе бидат срушени притоа давајќи му можност на секој проектант да предложи нивна целосна или делумна реконструкција;
- Цела надворешна површина, помеѓу улицата и крајбрежјето, се дел од проектната област;

# Nautical Club Ohrid



"DEEP DIVE ROWING CLUB"
Pudong, 2017
© Scenic Architecture Office



"SURF LIFE SAVING CLUB"
Avalon Beach, 1933-2006
© Richard Cole

# Критериуми За Евалуација

Жири комисијата ќе ги оцени предадените проекти според следните принципи:

- **Оригиналност во концептот;**
- **Вметнување во контекстот;**
- **Креативна интерпретација на програмата;**
- **Внимателно користење на материјали и текстури;**
- **Ефективност во адаптивната реупотреба;**
- **Графичка презентација;**

Проектите кои ќе изразат посебна чувствителност кон внатрешен дизајн и квалитетни архитектонски решенија ќе бидат високо ценети.

Длабоки, технички конструктивни детали нема да се сметаат за исклучително важни во процесот на евалуација.

Целосниот пакет со потребната документација во врска со локацијата (фотографии, мапи, .dwg цртежи) ќе биде достапен за сите учесници на веб страната од TerraViva.

# Nautical Club Ohrid



“DEEP DIVE ROWING CLUB”
Pudong, 2017
© Scenic Architecture Office

# Начин На Поднесување

## 1 Два А1 панели [59,4 × 84,1 цм]

- Формат на фајловите: **jpg**
- Име на фајлот 1: **order n°_1** (ex. 12345_1)
- Име на фајлот 2: **order n°_2** (ex. 12345_2)
- Максимална големина на фајловите: **20 MB поединечно**
- Ориентација на панелите: **хоризонтална**
- Јазик на текстуално изразување: **англиски**

Панелите мора да ги вклучат сите потребни графички информации преку кои ќе се објасни проектот на најдобар начин (наслов, дијаграми, скици, 3Д визуелизации, планови и пресеци, рендери, колажи, фотографии од модели).

Сите начини на графичко изразување ќе бидат прифатени.

Бројот на нарачката (пр. 12345) мора да биде поставен во горниот десен агол на секој панел.

Панелите и текстот НЕ СМЕАТ да вклучуваат никакви информации за идентитетот на учесниците (име, фирма, универзитет).

## 2 Краток текст кој ќе го објасни предлог решението

- Формат на фајлот: **docx/doc**
- Име на фајлот **order n°_text** (ex. 12345_text)
- Должина на текстот: **250 до 500 зборови**
- Формат на фајлот: **А4**
- Ориентација на фајлот: **вертикална**
- Јазик на текстот **англиски**

# Распоред

### "Рани" регистрации

**од 17.06.2024**
**до 23.08.2024 — (h 3:00 pm CET)**

### "Стандардни" регистрации

**од 23.08.2024**
**до 20.09.2024 — (h 3:00 pm CET)**

### "Доцни" регистрации

**од 20.09.2024**
**до 18.10.2024 — (h 3:00 pm CET)**

### Рок на предавање

**18.10.2024 — (h 3:00 pm CET)**

### Објавување на резултати

**04.11.2024**

# Nautical Club Ohrid



"NATURBAD"
Riehen, 2014
© Herzog & de Meuron

# Награди & Признанија

## 1° Награда: 3.000 €

## 2° Награда: 1.000 €

## 3° Награда: 500 €

**10 Златни признанија:** 250€ each

**10 Почесни признанија:** 1 бесплатен конкурс во 2024

**30 Финалисти**

*prizes awarded by*

TERRAVIVA

# Пријавување & Предавање

Процесот на регистрирање и предавање на проектите мора да биде дигитално преку само еден од членовите на тимот:

- Отворете www.terravivacompetitions.com и одете во Competitions > "Nautical Club Ohrid";
- Кликнете на Register, следете ги инструкциите, внесете ги потребните информации и комплетирајте ја вашата регистрација;
- Штом ќе биде завршен процесот на регистрација, ќе добиете потврден маил со сметката и линкот за превземање на “Nautical Club Ohrid” пакетот (ве замолуваме да го проверите и спам фолдерот);
- Во превземениот пакет ќе го најдете конкурсното појаснување како и инструкциите за крајното предавање;
- Во потврдниот маил исто така ќе го добиете и бројот на нарачката кој ќе биде вашиот код за идентификација во процесот на крајното предавање;
- Предавањата мора да бидат направени преку истата веб страна на TerraViva, со пристапување во секцијата за прикачување и следење на чекорите. По завршувањето на процесот на предавање ќе добиете потврден маил;
- Учесниците можат да се обратат на info@terravivacompetitions.com за било какви прашања. Секое прашање ќе биде одговорено преку маил, додека делот за прашања и одговори на веб страната ќе биде ажуриран неделно се до завршувањето на конкурсот;

# Nautical Club Ohrid



"RICHMOND ROWING CLUB"
Melbourne, 2014
© Foreground

# Жири



## Ss. Cyril & Methodius Univ.

**Ana Ivanovska Deskova**
Skopje, North Macedonia

Вонреден професор на Архитектонскиот факултет при универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги предава предметите Историја на архитектура и Заштита на културното наследство. Нејзин главен истражувачки интерес е модерната архитектура во Скопје, а особено процесот на обнова на Скопје по катастрофалниот земјотрес во 1963тата година. Заедно со Јован Ивановски и Владимир Десков е коавтор на бројни истражувачки проекти и изложби за архитектура, меѓу кои: „Атлас на македонската модерна архитектура“, Младински културен центар Скопје (2022), „Улогата на жените архитекти во постземјотресното обновување на скопје“, Музеј на Северна Македонија, Скопје (2021), „Иднината како проект-Доксијадис во Скопје“, Музеј Бенаки, Атина (2018) итн. Учествувала на Македонскиот национален павилјон на Архитектонското биенале во Венеција во 2008 и 2014 година. Од 2016 до 2018 година била член на кураторскиот советодавен одбор на изложбата „Кон бетонска утопија: Архитектурата во Југославија, 1948-1980“ одржана во Музејот на модерна уметност во Њујорк (2018).



## Shiftspace

**Mario Gentile**
Philadelphia, United States

Како основач и извршен директор на SHIFTSPACE со седиште во Филаделфија, Марио ја води стратешката насока на работата на студиото за дизајнирање на средини, искуства и производи за начин на живот (под брендот SHIFT). Работата и истражувањето имаат модерна естетика со фокус на масовно приспособување, префабрикување и одржлив дизајн. Тој е регистриран архитект во Заедницата на Пенсилванија и државите Њујорк, Њу Џерси и Делавер и е акредитиран од Националниот совер на одбори за регистрација на архитектура (NCARB). Дипломирал со почести на Универзитетот во Кентаки со диплома за архитектура и ја добил својата магистерска диплома по напреден архитектонски дизајн на Универзитетот Колумбија. Пред да го основа SHIFTSPACE, тој работеше со Киеран Тимберлејк, Питер Марино Соработници и ЈХН Студио во Филаделфија и за Џорџ Ренали Архитект и Резолуција 4: Архитектура во Њујорк. Марио работел како помошен професор на Универзитетот во Пенсилванија и Универзитетот Темпл со студиска работа фокусирана на урбани интервенции.



## Brand Growth Advisor

**Preeti Singh**
Mumbai, India

Преети Синг има повеќе од две децении искуство во лидерски улоги низ дизајнерски настани, издаваштво и медиуми. Во текот на нејзината кариера, таа служеше како директор, куратор, главен уредник и службеник во заедницата за содржина низ организации, раководејќи со големи тимови од писатели, уредници и креативни консултанти во областа на дизајнот, архитектурата, ентериерите, културата и образованието. Таа беше бренд директор на прославената недела на дизајн во Индија-India Design ID и пред тоа беше иредник на земјата за Хоус Индија. Таа беше истакната фигура на дизајнерските панели и е препознаена во индиската индустрија како застапник на примерен дизајн и промовирање на млади, иновативни дизајнерски студија. Преети моментално ги советува компаниите, издавачките куќи и брендовите за содржина, комуникација и стратегии на раст. Дополнително, таа ги предводи клучните односи со јавноста и маркетинг иницијативи, вклучувајќи и стратегии за маркетинг на содржина, што значително придонесува за проширување и раст на брендот.



## Univ. of Western Australia

**Simon Kilbane**
Perth, Australia

Сајмон Килбејн е наградуван и почитуван пејзажен архитект и урбан дизајнер кој има различно искуство во јавниот, приватниот и академскиот сектор. Тој бара нови решенија засновани на дизајн кои артикулираат и зајакнуваат трајна врска помеѓу луѓето, местото и екологијата во мали и големи размери. Редовен учесник на јавниот форум, Сајмон е вешт комуникатор и исто така ја води консултантската куќа за пејзаж/екологија, Ризоме. Работел како пејзажен архитект, пејзажен планер и урбан дизајнер во Перт, Лондон, Париз, Единбург и Данедин на големи мастерплан проекти, проекти за урбана регенерација, проценка на визуелно влијание и светско наследство, планирање и дизајн на национални паркови и заштитени подрачја. Сајмон моментално е раководител во неговата дисциплина на Универзитетот во Западна Австралија, а претходно беше на Универзитетот во Отаго (Нов Зеланд), Универзитетот Кертин (Перт), Универзитетот Дикин (Викторија) и воспостави диплома и магистерски програми по архитектура на пејзаж на Универзитетот за технологија во Сиднеј.

# Жири



## Ss. Cyril & Methodius Univ.

**Jovan Ivanovski**
Skopje, North Macedonia

Јован Ивановски е професор на катедрата за Архитектонско проектирање на Архитектонскиот факултет при универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Северна Македонија. Завршил магистерски студии на Архитектонскиот институт во Десау во Германија (DAAD алумни) и докторирал на архитектонскиот факултет, УКИМ, Скопје. Во текот на својата кариера, тој се занимавал со архитектура во неколку бироа во Швајцарија и Германија. Неговиот главен истражувачки интерес е просторната трансформација на Скопје во периодот на постсоцијалистичката транзиција. Автор е на бројни истражувачки проекти и изложби за македонското модерно архитектонско наследство. Бил куратор на Македонскиот национален павилјон на Архитектонското биенале во Венеција во 2014 година. Од 2016 до 2018 година бил член на кураторскиот советодавен одбор за Музејот на модерната уметност во Њујорк, за изложбата „Кон бетонска утопија: Архитектурата во Југославија, 1948-1980“, 2018 година.



## Reed Hilderbrand

**Yuqing Zhang**
Cambridge, United States

Во нејзината улога како пејзажен дизајнер во Рид Хилдербранд, лоциран во енергичниот центар за архитектура во Кембриџ, Масачусетс, таа ја имаше привилегијата да придонесе во разновидна палета на проекти кои ги вкрстуваат јавните, приватните, институционалните и станбените сектори. Еден од главните проекти во кои таа имаше клучна улога беше Акциониот план на паркот Френклин, амбициозна иницијатива насочена кон ревитализација на неговиот урбан парк кој се соочува со повеќеслојни предизвици. Од решавање на безбедносните грижи до навигациски притисоци за гентрификација и историски мандати за зачувување, таа соработуваше со главниот тим за да се развијат иновативни стратегии за дизајн. Друг значаен проект кој Џанг го предводеше беше проектот за реставрацијата на театарот Калита Хемфрис, икона историска знаменитост дизајнирана од легендарниот архитект Френк Лој Рајт. Задолжена за интегрирање на стратегии за пејзаж за активирање на локацијата и за ублажување на проблемите со поплавите влошени од климатските промени.



## Denara

**Nicolò Calandrini**
Ravenna, Italy

Роден во 1992г, истата година како и филмот на Роберт Алтман „Протагонистите“, Николо порасна во длабока атмосфера на снимање филмови поради постојаната работа на неговите родители во индустријата. Во 2014тата година, тој започна со студии по архитектура на реномираниот Универзитет ИУАВ (Венеција), каде што учеше од архитекти од калибарот на Гилермо Вискез Консуегра (2013), Франка Питалуга (2014), Шон Годсел (2014), Паола Вигано (2015), откривајќи го задоволството на дизајнот. Дипломирал „Науки на архитектура“ во 2015тата година, бил практикант во „Максван архитекти + урбанисти“ во Ротердам (Холандија) во 2016тата година, проследено со Еразмус семестар на ЕПФЛ во Лозана (Швајцарија) во 2018тата година. Дипломирал во „Архитектура и дизајнерски култури“ во Венеција со тезата „Албански Ривиера Ресорт“. Потоа, добил стипендија во студијото за архитектура ДОГМА во Брисел (Белгија) која ја спровел во 2019тата година. Во 2020тата година се враќа во италија и со архитектот Франческо Рамбели го основа архитектонското студио ДЕНАРА, во нивниот роден град Равена.



## Embedded Climates

**Eleni Stefania Kalapoda**
New York, United States

Елени Стефанија е инженер архитект и урбан дизајнер од Њујорк (AIA Associate, LEED Green Associate, ENVSP) фокусирана на проектирање и градење на поефикасни, интелигентни, одржливи објекти и градови. Дипломирала на факултетот за архитектура, планирање и зачувување на Универзитотот Колумбија (GSAPP) со магистер на науки во архитектура и урбан дизајн (генерација 2020 година) откако претходно завршила петгодишна диплома по Архитектонско инженерство на Националниот технички Универзитет во Атина (NTUA), Грција. Нејзината работа е водена од пристапот луѓето на прво место, приспособен на различните социјални, културни и економски урбани контексти, еколошки одговорен и флексибилен за прилагодување на долгорочниот иден раст. Таа служеше како рецензент и соработник за неколку академски списанија и професионални конференции за архитектура и планирање, како што се форумот за урбана економија (UEF 5) и Светскиот конгрес за планирање на ISOCARP (WPC59) 2023 година, Колумбија GSAPP „Управувано Повлекување 2023“, меѓу други.

# Nautical Club Ohrid



"DEEP DIVE ROWING CLUB"
Pudong, 2017
© Scenic Architecture Office

# Nautical Club **Ohrid**



"SURF LIFE SAVING CLUB"
Avalon Beach, 1933-2006
© Richard Cole

# Terms & Conditions

**A.** The competitions are open to students, architects, designers, urbanists, engineers, artists, makers, activists and anyone interested in the design and architecture fields. The participant must be at least 18 years old;

**B.** Participants can join the competition either individually or in team. There is no restriction or limit to the number of members that can compose a team. Teams can be made up of members of different nationalities and ages, but all members must be at least 18 years old. The list of the team members cannot be changed after the submission;

**C.** Participants must respect deadlines, procedures, fees and submission requirements. It is highly advised to complete any of these online procedures (also registration) in advance. TerraViva S.r.l. is not responsible, in any case, for any technical difficulty or web malfunctioning;

**D.** All the necessary materials/documentation related to the competition is available in the download section of the competition's official page. to download and use the materials/documentation of the competition made available by TerraViva S.r.l. it is necessary to pay a registration fee, which allows to get a single identification code. The registration fee, for each competition, is established according to the competition's calendar and the relative amounts do not vary depending on the number of team members;

**E.** The payment of one fee allows the participant/team to have one personal identification code linked to the submission of one single project. In order to have additional submission codes and, therefore, submit additional projects it is necessary to pay additional fees;

**F.** The payment methods accepted are: PayPal, Satispay, credit card, bank transfer, payments in cryptocurrency;

**G.** Prizes are established regardless of the number of members of a team. TerraViva S.r.l. pays all the commissions charged by its bank for the prizes' payment, the commissions that may be applied by the winner's bank or the commissions for currency exchange have to be paid exclusively by the winner. The prizes will be awarded after the verification of the identity of the winners and after the winners have signed a self-declaration certifying that they fully accept all the Terms and Conditions of the competition;

**H.** Before proceeding with the evaluation procedure by the jury panel, TerraViva S.r.l. will carry out a pre-selection aimed at excluding those projects that do not comply with the Terms & Conditions and the minimum quality-standard requirements (established by TerraViva S.r.l. for each competition). Therefore, participants accept to respect and not to challenge for any reason the results of the pre-selection carried out by TerraViva S.r.l.;

**I.** The jury is composed by experts of the fields of architecture which are independent and impartial. The jury's decision is the result of a mere aesthetic evaluation and cannot, in any case, be challenged. Participants therefore accept not to challenge the decision nor the evaluation of the jury. In case one or more members of the jury withdraw, TerraViva S.r.l. will substitute him/them with a new member equally distinguished and impartial;

**J.** TerraViva S.r.l. is not responsible for the possible bad execution of the project. In any case the evaluation of the jury and winning of a prize cannot be considered as an assessment of the adequacy and technical feasibility of the project;

**K.** TerraViva S.r.l. is not obliged to give explanations to the participants regarding the results of the competitions;

**L.** Participants are not allowed to publish their own submitted material before the announcement of the official winners;

**M.** Participants are not allowed, in any case and at any time (before/during/after the competition), to inquire the jury about the competition;

**N.** Any team or individual that violates the Terms and Conditions during or after a competition may have their rewards, publication or any other competition outcome revoked at any time;

**O.** The prizes are paid by bank transfer or Paypal. In order to receive the price, the winner (individual or legal entity) must fulfil a declaration of receipt of the prize. Therefore, it is not possible to request an invoice;

**P.** Projects' submission and/or final winning of the competition do not constitute any kind of professional commitment/relationship between the participant and TerraViva S.r.l.;

**Q.** TerraViva S.r.l. has the right to modify competition's dates, jury's composition or the methods for project's submission. Any change will be notified at least 48 hours before the submission deadline through the media channels of TerraViva S.r.l.;

**R.** These Terms and Conditions, in any case, do not constitute an offer to the public;

**S.** By registering to the website of TerraViva S.r.l. participants declare to fully and unconditionally accept all the Terms and Conditions of the competitions without any exception;

**T.** The Terms and Conditions and any other rule can be modified by TerraViva S.r.l. without prior notification. The Terms and Conditions and any other rule can be waived by special rules pertaining to single competitions;

**U.** The Italian law regulates the rules of the competitions and any other rule on the website. Any controversy that might arise shall be of exclusive competence of the Court of Milan;

**V.** The Terms and Conditions will be provided also in Italian and other languages, but, in case of doubt of interpretation, the English version shall prevail;

# Ineligibility Rules

The occurring of any of these cases will be ground for the disqualification of the participant and/or their teams without exception:

**a.** Any gross violation of the Terms and Conditions;

**b.** Submission of any material using a different procedure from the one indicated in the submission requirements;

**c.** Submission of any material after the expiry of the submission deadline;

**d.** Naming any file in a way which is different from the one indicated in the submission requirements;

**e.** Submission of panels and text files containing any reference to the identity of the participants (e.g. name, office, university);

**f.** Submission of layouts with texts not written in English;

**g.** Submission of any material which is not in line with the competition principles or that is considered incomplete;

**h.** Submitting a project which differs in a macroscopic way from the purposes of the competition;

**i.** Submitting panels and/or text files that do not contain the order number in the upper right corner.;

**j.** Participants having a family relation within the second grade or direct professional relationship with any of the jury members at the time of the competition and/or in the two previous years;

**k.** Submitting a project which is not new and original or which is not the outcome of the intellectual activity of the participants (i.e., does not belong to them);

**l.** TerraViva S.r.l., with a mere technical and objective evaluation, discards the projects that do not meet the requirements listed in the Terms and Conditions or in the special rules of the single competition and/or that constitute any of the above listed cases. The discarded projects will not be evaluated nor considered by the jury. Disqualified participants and/or their teams will not receive any refund;

**m.** by accepting the Terms and Conditions participants expressly declare that they do not fall under any of these causes of ineligibility;

# Intellectual Property Rights

Participants maintain the intellectual property rights and the industrial rights on the submitted projects. TerraViva S.r.l. acquires only the permanent, illimited, irrevocable, exclusive, internationally acknowledged right to publish in every media, display, reproduce and distribute the projects for editorial reasons and marketing/advertising purposes, including the freedom of panorama, without any limitation in time or place. The authors of the awarded projects, including mentions and finalists, commit to provide TerraViva S.r.l., in due time, with any additional graphic material which can be required by TerraViva S.r.l.; TerraViva S.r.l. reserves the right to use the submitted material for paper or digital publications and exhibitions, and the right to use, adjust, modify, publish, show, reproduce and distribute the projects for marketing and advertising purposes in any way or form and with any means of communication and/or support, according to the "Reproduction right and Publication right" (art.12, L.633/1941, i.e., Italian Copyright Law). TerraViva S.r.l. is not responsible in case the intellectual property of the uploaded projects does not pertain, fully or partially, to the participants, or in case the candidates do not own the rights of exploitation of the project, including the right to take part in a competition of this kind;

# Withdrawal and Refund

In accordance with the Italian Consumer Code (D.lgs. 206/2005), the right of withdrawal is valid within 14 days from the day of the fee's payment (weekends and public holidays included). In any case, the right of withdrawal cannot be exercised after the submission deadline, nor if the participant has downloaded the material for the competition. Refunds are executed in the same currency of the original payment and are therefore subject to cur-rency exchange rates. to exercise the right of withdrawal, write to: info@terravivacompetition.com;

# Indemnity

Participants agree to indemnify and hold TerraViva S.r.l. harmless from any cost or damage connected with the infringement of any third-party intellectual property right. by taking part in a competition and accepting its rules and the Terms and Conditions, participants declare to be authors (and/ or co-authors in case of a team) of the uploaded materials. Participants accept to completely indemnify TerraViva S.r.l. and its members and officers from and against all legal claims, liabilities, damages, losses, or any costs, expenses and any legal fees that arise out of any activity stated in the Terms and Conditions or from the participation in a competition;

# Privacy

The processing of participants' personal data will be carried out, with both manual and digital means, by TerraViva S.r.l. for the sole purpose of the participation in the competition and distribu-tion of the prizes in compliance with art.13, EU Reg. 2016/679. We invite all competitors to read it carefully. Participants will be held accountable for the data – including personal data – they provide. TerraViva S.r.l. does not assume any responsibility for wrong or false data provided. In any case, according to privacy policies, TerraViva S.r.l. has the right to verify participants' personal data by requesting a copy of an identity document that reports the same data entered for the registration;

# Website

The website and its contents cannot be copied, reproduced, published or distributed without the permission of TerraViva S.r.l.; by submitting a project in any way to TerraViva S.r.l. the individual or team accepts full responsibil-ity for the text, images, video footage and any other form of media that is provided. TerraViva S.r.l. is not responsible for the communications between users and third parties on its website, nor can guarantee that the website or the downloadable files are without viruses or similar harmful software.

WWW.TERRAVIVACOMPETITIONS.COM
INFO@TERRAVIVACOMPETITIONS.COM